**З А П И С Н И К**
**од 45-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 25.02.2025 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12.00 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Мише Милошевски, Марина Поповска и Јасмина Василеска Перчаковска. На седницата присутен беше директоротот на Дом на култира „Илинден“ Демир Хисар Славче Велјановски, присутен претставник на основните училишта Мирјана Пејчиновска.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 44 та седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 9 „за“, против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.
2. Донесување на Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка.
3. Донесување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка.
4. Донесување Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на општина Демир Хисар бр.07-782/3 од 29.09.2014 година.
5. Донесување на Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2024 година.
6. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2024 година.
7. Усвојување на Извештај за остварување на право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.
8. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2024 година.
9. Усвојување на Извештај за реализација на програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2024 година.
10. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2024 година.
11. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2024 година.
12. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2024 година на подрачјето на Општина Демир Хисар.

13. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2024 година.
14. Усвојување на Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2024 година.
15. Усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2024 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.
16. Усвојување на План за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2025 година.
17. Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор во ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар.
18. Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор-претставник од родителите во ЈОУД „Втори Септември“ Демир Хисар.
19. Донесување на Решение за разрешување на членови во Комисијата за унапредување на правата на пациентите.
20. Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за реконструкција на детско игралиште нова населба Демир Хисар.
21. Донесување на Одлука за ставање вон сила Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр. 17-1065/8 од 25.08.2022 година.
22. Донесување на Одлука за доделување финансиска помош на Дивна Гареска од Демир Хисар.
23. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред со 2 точки на предлог на градоначалникот и тоа како точка 20.Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за реконструкција на детско игралиште нова населба Демир Хисар, точка 21. Донесување на Одлука за ставање вон сила Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр. 17-1065/8 од 25.08.2022 година и на предлог на советничката Сандра Пејковска точка 22. Донесување на Одлука за доделување на финанасика помош на Дивна Гареска од Демир Хисар.
Други предлози за дополнување на Дневниот ред немаше. Со 9 „за“ беше усвоен дневниот ред со дополнувањето против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година***
Кварталниот извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Во врска со извештајот немаше дискусија. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот против и воздржани немше.

***ТОЧКА 2. Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка***
За Одлуката за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Во врска со одлуката дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 3. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка***

За Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесено Решението.

***ТОЧКА 4. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на општина Демир Хисар бр.07-782/3 од 29.09.2014 година***

За Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на општина Демир Хисар бр.07-782/3 од 29.09.2014 година претставникот Александра Трајковска објасни по напревената измена и дополнување на одлуката во врска со растојанието од населено место за поставување пчелни семејства имаше реакција од граѓани, затоа се предлага растојание да е на 300 метри наместо 200 како што беше измената. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни имаше реакции од населението во Единаковци растојание од 200 метри е многу блиску до село, затоа се предлага да биди 300 метри. Советничката Сандра Пејковска праша дали е разговарано со пчеларите. Откако беше потврдено дека е разговарано со 10 „за“ беше донесена Одлуката, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2024 година***

За Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2024 година објаснување имаше претставникот Јасмина Василеска Перчаковска. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување има податоци за средства кои се попишуваат во дом на култура „Илинден“ , во ЈКП„Комуналец“ Демир Хисар, не е опфатено ЈП „Дехи Транс“. Претставникот Јасмина Василеска Перчаковска објасни во ЈП Дехи Транс нема општински средства, минибусите со одлука на совет се дадени на трајно користење. Дискусија повеќе немаше. Одлуката беше донесена со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2024 година***

За Извештајот за остварено право на паричен надомест за новородено дете во Општина Демир Хисар во 2024 година објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Извештај за остварување на право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар***

За Извештајот за остварување на право на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2024 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2024 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот претставникот Мише Милошевски објасни од оваа програма се исплаќа за новородени деца, за првачиња, и за еднократна парична помош на семејства кој се нашле во состојба на социјален ризик. Во 2024 година имаше поднесено 97 барања од кои 78 беа прифатени, 14 беа одбиени и 5 нерешени. Од нив 37 се исплатени. Советничката Марина Димитријовска праша зошто не се исплатени, дали се известени барателите, исто така праша по која основа семејства кои имаат член со интелектуална попреченост не му се исплатени средства. Предложи да се достави список со поднесени барања кои се одбиени, кои се одобрени исплатени и кои се одобрени, а не се исплатени. Раководителот Мише Милошевски објасни предходно кога ги изготвуваме извештаите изготвуваме и такви списоци, но во тој состав на комисијата не беа застапени претставници од сите советнички групи. Сега во овај состав во комисијатан има претставници од сите советнички групи затоа не доставуваме списоци. Советникот Валентин Нестороски се согласи да се

доставуваат такви извештаи. Раководителот Мише Милошевски објасни кај семејствата кои имаат лица со попреченост ги следува исплата дури и почесто треба да се исплата дали во натура или во средства. Советничката Марина Димитријовска остана на ставот да се достават списоци како што беше предходно кажано. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 9. Извештај за реализација на програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2024 година***

Извештајот за реализација на програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2024 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 10. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2024 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2024 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 11. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2024 година***

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2024 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 12. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2024 година на подрачјето на Општина Демир Хисар***

Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2024 година на подрачјето на Општина Демир Хисар беше усвоен од комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 13. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2024 година***

Извештајот за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2024 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 14. Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2024 година***

Извештајот за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2024 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше директорот Славче Велјановски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 15. Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2024 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар***

Годишниот извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2024 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар бепе усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 16. План за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2025 година***

Планот за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2025 годин беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше директорот Славче Велјановски. Советничката Марина Димитријовска истакна се е опфатено објаснето за работата на домот на културата потоа праша каде се планира турнеја за 2025 година. Директорот Славче Велјановски објасни има понуда од четири земји Полска, Сардинија-Италија, Бугарија и Пуртугалија. Ќе се разгледа ќе видиме каде е надобро, најприфатливо. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен планот.

***ТОЧКА 17. Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор во ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар***

За разрешување и именување на член во Управен одбор во ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар комисијата за мандатни прашања избори и именување предложи на местото од Јосиф Радевски да биде Елеонора Најдовска објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Дискусија немаше. Со 8 „за“ и 3 „воздржани“ предлогот беше прифатен.

***ТОЧКА 18. Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор-претставник од родителите во ЈОУД „Втори Септември“ Демир Хисар***

За решението за разрешување и именување на член во Управен одбор-претставник од родителите во ЈОУД „Втори Септември“ Демир Хисар комисијата за мандатни прашања избори и именување предложи на местото од Елена Ристевска да биде Андријана Наумовска објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Дискусија немаше. Со 8 „за“ и 3 „воздржани“ предлогот беше прифатен.

***ТОЧКА 19. Решение за разрешување на членови во Комисијата за унапредување на правата на пациентите***

Во врска со Решението за разрешување на членови во Комисијата за унапредување на правата на пациентите претседателката на комисијата Сандра Пејковска објасни на оваа седница само ќе ги разрешиме членовите немаше именуваме. Дискусија немаше. Со 11 „за“ предлогот беше прифатен.

***ТОЧКА 20. Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за реконструкција на детско игралиште нова населба Демир Хисар***

За Одлуката за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за реконструкција на детско игралиште нова населба Демир Хисар објаснување имаше птретставникот Александра Трајковска. Советничката Сандра Пејковска праша кога ќе се почни со работа дали ќе има само реквизити или ќе се уреди. Претсавникот Александра Трајковска објасни ќе се уреди просторот и ќе се постават реквизити. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 21. Одлука за ставање вон сила Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр. 17-1065/8 од 25.08.2022 година***

За Одлуката за ставање вон сила Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр. 17-1065/8 од 25.08.2022 година објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Имаше поднесено барање за раскинување на договорот ќе има јавен повик. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 22. Одлука за доделување финансиска помош на Дивна Гареска од Демир Хисар***

За Одлуката за доделување финансиска помош на Дивна Гареска од Демир Хисар објаснување имаше советничката Сандра Пејковска. со оваа одлука се доделува финансиска помош на семејството, а починато лице. Лицето беше со нарушено здравје, остави малолетни деца затоа предложи да се додели финансика помош во износ од 40.000 денари. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше прифатен предлогот.

***ТОЧКА 23. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Нјдовски ги запозна советниците има поднесено едно барање

МЗ Базерник

Месната заедница Базерник бара изградба на нов резервоар за вода и поставување тампон на улица

Советничката Сандра Пејковска додаде исто така и во Доленци има потреба од реконструкција на резервоарот за вода и исто во други села

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни треба во сите населени места има потреба од санација затоа да му се даде на ЈКП „Комуналец“ да ја види состојбата.

Советничката Марина Димитријовска праша колку пари се потребни за тоа. Советникот Аце Јанкуловски предложи ЈКП „Комуналец“ да направи увид предмер пресметка и да го санираат. Претседателот на Советот предложи во пакет за двете села да се направи увид во двете населени места да се види колку средства се потребни и да се санира. За предлогот гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна на општината доделени се еден милион евра од кредитот кој го зеде Владата, Советот треба да знае што се планира со тие средства.

Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 286/1
13.03.2025 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски